ЕСМ ПРОДАЖБА

Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ
Бр. 09-2172/1
20-09-2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23 од Законот за јавни набавки (Сл.Весник 24/19) ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК Бр.05-2023**
**за прибирање на понуди за набавка на природен гас**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1 Договорен орган по јавен повик бр.05-2023 е ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.11-ти Октомври бр.9, Скопје.

1.2 Предмет на набавката е: природен гас во количина од **1200 MWh – минимална дневна количина до 4950 MWh – максимална дневна количина,** со флексибилен почетен датум во еден од деновите помеѓу 01.10.2023 година и 15.10.2023 година**,** краен датум 31.10.2023 година / гас-ден, на точка на испорака главна мерна станица (ГМС) Жидилово, и можност за еднодневни испораки во периодот 01.10.2023 – 14.10.2023 година, со исти минимални дневни количини и максимални дневни количини.

1.3 Огласот е јавен со право на учество на сите домашни и странски правни лица регистрирани за ваква дејност.

1.4 **Рокот за доставување на понуди по јавниот повик бр.05-2023 е на 22.09.2023 година, во период од 09:30 до 10:00 часот на е-маил адреса ponudi@esm-prodazba.mk** .

## 2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1 Понудата треба да содржи:

2.1.1 Технички карактеристики:

Природниот гас задолжително да биде со следниов квалитет:

**Хемиски состав, mol %**

| | |
|---|---|
| Метан (C1) | минимум 75 |
| Азот (N2) | максимум 6 |
| Јаглерод диоксид (CO2) | максимум 3 |

**Бруто (горна)калориска вредност**
Максимална 13,67 kWh/m3
Минимум 10,17 kWh/m3

**Вобе индекс**
Максимална 16,33 kWh/m3
Минимум 13,07 kWh/m3

**Точка на росење на водата**
Не повисока од минус 8 степени Целзиусови при притисок од 39,2barg

**Температура на природен гас**
од +0° C до +50° C

Горенаведените референтни услови за температура, притисок и влажност што треба да се користат за мерење и пресметки на природен гас се 273,15 K (=0 °C) и 101,325 kPa (=1,01325 бари(апсолутен)) за вистински сув гас.

2.1.2 Земја на потекло на природниот гас.

2.1.3 Вкупна количина на природен гас која понудувачот ја има обезбедено на главната мерна станица Жидилово, за период 01.10.2023 година до 31.10.2023 година / гас-ден, изразена во мерни единици MWh.

2.1.4 Единечна цена во ЕУР и мерна единица MWh (EUR / MWh). Пресметката на денарската противвредност на цената од понудата ќе се врши по средниот курс на НБРСМ на датумот на доставување на понудите. Цената е фиксна за целиот период на испорака.

2.1.5 Услови на плаќање. (во случај на авансно плаќање, се плаќа месечната количина од долниот ранг-1200 MWh дневно)

2.1.6 Предмет на фактурирање во конечната фактура ќе бидат потврдените дневни номинации по истекот на месецот.

2.1.7 Начин на обезбедување доколку се бара авансно плаќање (банкарска гаранција или корпоративна гаранција).

2.1.8 Изјава од одговорното лице на понудувачот дека е во можност да ги обезбеди наведените количини на природен гас за периодот за кој се дава понудата.

2.1.9 Назив, адреса и седиште на понудувачот.

2.1.10 Понудувачите ќе ги сносат сите трошоци поврзани со подготовката и доставувањето на нивната понуда, и Договорниот орган во ниеден случај нема да биде одговорен или должен за овие трошоци.

2.1.11 ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје го задржува правото да одбие каква било понуда, да ги прифати или да не ги прифати количините на природен гас поднесени од страна на правниот субјект или да ја откаже постапката за набавка.

## 3. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Понудите се доставуваат на следниов начини:

- Скенирани оригинали заверени, со печат, потпис од одговорното лице на компанијата на следната е-маил адреса: **ponudi@esm-prodazba.mk**
- Електронски потпишани понуда и документи од овластено лице на компанијата на следната е-маил адреса: **ponudi@esm-prodazba.mk**
- Во случај на прифаќање на понудата, избраниот понудувач е должен во рок од 1 (еден) ден од датумот на добиеното известување за прифатена понуда да ја достави понудата и придружната документација во оригинал.

**ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ**